Република Северна Македонија
Нотар
Берат Мехмеди
За подрачјето на Основниот
Суд Гостивар
ул.Борче Јованоски бр.73-2/1
Гостивар

Извод
ОДУ бр.487/2026

НОТАРСКИ АКТ
ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Гостивар 25.06.2026 *година,(ден дваеаесетипетти, месец јуни, година двеилјади и дваесети и шеста година).*----------

Јас, БЕРАТ МЕХМЕДИ, нотар за подрачјето на Основниот суд Гостивар, со седиште на ***ул.Борче Јованоски бр.73-2/1*** Гостивар, потврдувам дека во две илјади дваесет и шеста година, месец јуни, ден први на писмено барање број.03-11/1 од 01.06.2026 година поднесено од Друштво за промет на стоки и услуги ГЕТРО АД увоз-извоз Гостивар, со седиште на ул. Индустриска зона ББ Гостивар (прилог), присуствував на редовна седница на Собранието на Друштвото за промет на стоки и услуги ГЕТРО АД увоз-извоз Гостивар, кое се одржа во просториите на Друштвото на ул. Индустриска зона ББ Гостивар, со почеток во 14:00 часот, при што согласно член 92 од Законот за нотаријатот, го составив следниот:

ЗАПИСНИК

од одржана седница на Собрание на акционери

Пред отпочнување на седницата на мое барање ми беше предочено:

1. Тековна состојба за правното лице издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија, Регистрациона канцеларија Гостивар, издаден на ден 25.06.2026 година (прилог) и Тековна состојба на вистински сопственици на субјект,издаден на ден 25.06.2026 година (прилог), од кои утврдив дека во Централниот Регистар на Република Северна Македонија е запишано Друштво за промет на стоки и услуги ГЕТРО АД увоз извоз Гостивар, со седиште на ул. Индустриска зона ББ Гостивар, со ЕМБС 4033531 и ЕДБ 4007996100102 (прилог). Друштвото има скратен назив кој гласи ГЕТРО АД увоз-извоз Гостивар.----------
2. Акционерската книга на Друштвото за промет на стоки и услуги ГЕТРО АД увоз извоз Гостивар е издадена на ден 24.06.2026 година издаден од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Со увидот во истата утврдив дека во Акционерската книга се запишани 53 (педесет и три) имателиа на обични акции, номинална вредност по ХВ: 10726,00 МКД, вкупен број на ХВ: 10.526, вкупен номинален капитал: 112.901.876,00 МКД, број на гласови: 10.526 (прилог).---------
3. Јавен повик е објавен во весникот Нова Македонија на ден 23.05.2026 година со кој се свикува Собранието на акционери на Друштво за промет на стоки и услуги ГЕТРО АД увоз извоз Гостивар, на ден 25.06.2026 година со почеток во 14:00 часот во просториите на Друштвото на Индустриска зона ББ Гостивар (прилог).----------

Со јавниот повик објавен во весникот Нова Македонија, објавен е следниот:

ДНЕВЕН РЕД

А. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

1. Отворање на Собрание.
2. Избор на Претседавач.
3. Избор на Записничар.

Б. РАБОТЕН ДЕЛ

Извод
ОДУ бр.487/2026

1. Разгледување – усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото во текот на 2025 година со:----------
- Ревизорски извештај за 2025 година,----------
2. Одлука за распределување на нето добивката за 2025 година.----------
3.Разно.----------
Секој имател на обични акции има право на учество во работата на Собранието.----------
Една обична акција дава право на еден глас во собранието на Друштвото.----------
Собранието може да одлучува само за прашањата кои што се уредно ставени на дневен ред.---
Секој акционер кој има намера да учествува на собранието е должен да го пријави своето учество на собранието во писмена форма со препорачана пошта, најдоцна три дена пред почетокот на седницата, на адреса: Гетро АД увоз-извоз Гостивар, ул. Индустриска зона б.б. 1230 Гостивар.
Се констатира дека акционерот Насир Идризи со адреса на живеење на ул. Никола Парапунов број 154 во Гостивар, согласно објавениот јавен повик на ден 25.06.2026 година, доставил во Друштвото писмено известување, препорачано по пошта на ден 01.06.2026 година, со кое го известува друштвото ДПСУ ГЕТРО АД Гостивар, дека ќе присуствува на годишното собрание кое ќе се одржи на ден 25.06.2026 година со почеток во 14:00 часот во просториите на друштвото на ул. Индустриска Зона ББ Гостивар.----------
Собранието го отвори претседавачот Весна Стефановска, со адреса на живеење на ул. Гоце Делчев број 7-10 во Гостивар, во четиринаесет часот и утврди дека врз основа на Акционерската книга издадена на 24.06.2026 година и списокот на присутни акционери верификувани со потпис на присутните акционери присутен е 1 (еден) имател на акции и тоа Насир Идризи, со адреса на живеење на ул. Никола Парапунов бр.154 во Гостивар, со вкупно 10244 акции со право на глас, што претставува 97,32 % од вкупниот број 10.526 акции со право на глас запишани во акционерската книга и утврди дека има кворум за работа и Собранието може полноважно да одлучува по објавениот дневен ред.----------
По точка 2 од процедуралниот дел на дневниот ред за **Претседавач** со Собранието беше предложена и едногласно избрана **Весна Стефановска**, со адреса на живеење на ул. Гоце Делчев бр. 7-10 во Гостивар, со лична карта број М1020054 издадена на ден 23.09.2024 година со рок на важност до 22.09.2034 година од МВР Гостивар.----------
По точка 3 од процедуралниот дел на дневниот ред претседавачот појасни дека согласно Законот за Трговски Друштва, со оглед на точките од дневниот ред, записникот го води поканетиот нотар БЕРАТ МЕХМЕДИ од Гостивар за подрачјето на Основниот Суд во Гостивар и не се предлага друг записничар.----------
Од списокот на акционери утврдив дека е присутен еден акционер и тоа:----------
Акционерот Насир Идризи, со адреса на живеење на ул. Никола Парапунов бр.154 во Гостивар, со лична карта број N0275777 издадена на ден 28.11.2023 година со рок на важност до 27.11.2033 година од МВР Гостивар, со број на гласови 10244;----------
На почетокот на седницата едногласно од страна на акционерите беше прифатен предложениот дневен ред, без измени и дополнувања.----------
Како **прва точка** од работниот дел на дневниот ред е: Разгледување – усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото во текот на 2025 година со:----------
-Равизорски извештај за 2025 година,----------
Беше прочитан финансискиот извештај и годишниот извештај за работењето на друштвото во текот на 2025 година и ставен на гласање и едногласно се прифати годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за годината завршена на 31.12.2025 година, заедно со извештајот на независните ревизори изготвени од Друштвото за ревизија МСФИ Ревизија ТП – Скопје, потпишан од управителот Жарко Михајловски, со тоа што за „За“ гласал еден акционер со 10244 гласа од вкупниот број на акционери со право на глас 10.526, (Предлог - Одлуката е прилог кон овој акт **прилог**).----------
Како **втора точка** од работниот дел на дневниот ред е: Одлука за распределување на нето добивката за 2025 година.----------

Беше ставен на гласање предлогот за распределување на нето добивката од 2025 година, во износ од 2.457.479,00 денари и истата во целост се распределува за покривање на загубата од минати години и едногласно се прифати за донесување на Одлука за распределување на нето добивката за 2025 година, со тоа што за „За" гласал еден акционер со 10244 гласа од вкупниот број на акционери со право на глас 10.526.(Предлог - Одлуката е прилог кон овој акт **прилог**).---
Како **трета точка** од работниот дел на дневниот ред е : Разно.----------
По точката разно не се разви никаква дискусија.----------
Претседавачот објави дека дневниот ред е исцрпен и дека Собранието ја заврши својата работа.
Со тоа редовната седница на Собранието заврши во 15:00 часот.----------
Врз основа на наведеното, а согласно член 92 од Законот за нотаријатот, јас нотар БЕРАТ МЕХМЕДИ од Гостивар **потврдувам** дека:----------
1.На редовната седница на Собранието на Друштво за промет на стоки и услуги ГЕТРО АД увоз извоз Гостивар беше присутен вкупно 1 (еден) имател на акции, со број на акции кои даваат право на глас 10244 гласа од вкупно 53 иматели на акции и број на гласови 10.526, со што постои кворум за одлучување на Собранието.----------
2.По спроведеното јавно гласање за избор на претседавач на Собранието, за Претседавач на Собранието едногласно е избрана г-ѓа Весна Стефановска од Гостивар.----------
3.Записничар: нотар Берат Мехмеди од Гостивар.----------
1.По спроведеното јавно гласање за **првата точка** од дневниот ред – Разгледување – усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото во текот на 2025 година со:----------
- Ревизорски извештај за 2025 година----------
Едногласно беше прифатена годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај за годината завршена на 31.12.2025 година, заедно со извештајот на независните ревизори изготвени од Друштвото за ревизија МСФИ Ревизија ТП – Скопје потпишан од управителот Жарко Михајловски, со тоа што за „За" гласал еден акционер со 10244 гласа од вкупниот број на акционери со право на глас 10.526, Против – нема, Воздржани - нема.----------
2. По спроведеното јавно гласање за **втората точка** од дневниот ред – Одлука за распределување на нето добивката за 2025 година.----------
Едногласно беше донесена Одлука за распределување на нето добивката за 2025 година, во износ од 2.457.479,00 денари, за покривање на загубата од минати години со тоа што за „За" гласал еден акционер со 10244 гласа од вкупниот број на акционери со право на глас 10.526, Против – нема, Воздржани - нема.----------
3. По спроведеното јавно гласање за **третата точка** од дневниот ред – Разно.----------
По точката разно не се разви никаква дискусија.----------
По исцрпувањето на дневниот ред, Седницата на Собранието заврши во 15:00 часот.----------
Претседавач: Весна Стефановска ---------- _____, *с.р.* _____

_____

_____**Нотар: БЕРАТ МЕХМЕДИ** ----------

---------- _____, *с.р.* _____

_____

Потврдувам дека овој нотарски акт – записник кој лично го составив се состои од четири листа на четири страни и го прочитав на Претседавачот и ја предупредив на правните последици од оваа правна работа.----------
Претседавачот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на неговата волја и се донесе одлука усвојување на Записник на годишно собрание на акционери.(Прилог)----------
Потврдувам дека Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој Записник.----------
По составувањето на нотарскиот акт издаден е еден извод за ГЕТРО АД увоз извоз Гостивар, а еден извод е издаден за трговскиот регистар кој се води при Централен регистар на РСМ, РК Гостивар, а изворникот се чува во Архивата на нотарот.----------

Извод

ОДУ бр.*487/2026*

Нотарската такса за заверка по тарифен број 28 од ЗСТ и член 158 ст.3 од ЗН во износ од 500,00 денари е наплатена и истата се уплатува на вирман на трезорска сметка на РСМ, а примерок од уплатницата за платена судска такса се чува кај примерокот кој останува за архивирање.----------
Нотарската награда по чл. 41 и чл. 54 од ПНТ е пресметана во износ од 12.000,00 денари.---------
Потврдувам дека изводот го споредив со оригиналот кој се наоѓа во моите списи и утврдив дека целосно се поклопува со оригиналот.----------
Изворникот останува во архивата на нотарот.----------
Број: ОДУ бр.487/2026.----------
Во Гостивар 25.06.2026 *година,(ден дваеаесетипетти, месец јуни, година двеилјади и дваесети и шеста година).*----------

НОТАР
БЕРАТ МЕХМЕДИ

За подрачјето на Основен Суд во Гостивар
НОТАР БЕРАТ МЕХМЕДИ
ул.Борче Јованоски бр.73-2/1
Потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој извод *е 1* извод - потполн - во извадок, кон кого се приложени - преписи од прилогот на нотарскиот акт.
ОДУ.бр.487/2026
Во Гостивар
25.06.2026 година.

НОТАР
БЕРАТ МЕХМЕДИ
(потпис и печат)

До:

ДПСУ "Гетро" АД увоз-извоз Гостивар

Индустриска зона бб

1230 Гостивар

Почитувани,

Јас Насир Идризи со ЕМБГ 0102967473003 и адреса на живеење во Гостивар на ул. Никола Парапунов бр.154, согласно Вашиот Јавен повик, како сопственик на обични акции Ве известувам дека ќе присуствувам на Годишното собрание кое ќе се одржи на 25.06.2026 година во 14,00 часот во просториите на Друштвото на Индустриска зона бб Гостивар.

Со почит,

Насир Идризи

СПИСОК НА ПРИЈАВЕНИ И ПРИСУТНИ АКЦИОНЕРИ ЗА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА ГЕТРО АД ГОСТИВАР НА ДЕН 25.06.2026 ГОДИНА

Реден број	Име и презиме	Број на обични акции	Своерачен потпис
1	Насир Идризи	10244	
2			
3			
4			
5			
6			
7			
8			
9			
10			
	ВКУПНО АКЦИИ	10244	

Друштво за промет на стоки и услуги
ГЕТРО АД увоз-извоз
Бр 02-1211
25.06 2026 год.
Гостивар

Врз основа на Статутот на "Гетро" АД увоз-извоз Гостивар и ЗТД Собранието на друштвото на седницата одржана на 25.06.2026 година едногласно ја донесе следната

ОДЛУКА

За претседавач на седницата на собранието на "Гетро" АД увоз-извоз Гостивар, на 25.06.2026 година се именува лицето Стефановска Весна.

Мандатот на претседавачот трае до одржувањето на следното собрание.

Претседавач на собранието

на "Гетро" АД увоз-извоз Гостивар

Стефановска Весна

ГЕТРО АД увоз-извоз Гостивар

Друштво за промет на стоки и услуги
ДПСУ "Гетро" АД
Бр. 02-13/1
25.06.26 год.
Гостивар

Врз основа на член 48 точка 12 од Статутот на ДПСУ "Гетро" АД увоз-извоз Гостивар на Друштвото на седницата одржана на 25.06.2026 година едногласно ја донесе следната

О Д Л У К А

За прифаќање на Финансиските извештаи за годината завршена на 31.12.2025 година, заедно со Извештајот на независните ревизори изготвени од Друштвото за ревизија МСФИ Ревизија ТП-Скопје

1. Во целост се прифаќаат Финансиските извештаи за годината завршена на 31.12.2025 година, заедно со Извештајот на независните ревизори изготвени од Друштвото за ревизија МСФИ Ревизија ТП-Скопје, потпишани од управителот Жарко Михајловски.
2. Финансиските извештаи да се достават до надлежните органи за кои постои законска обврска.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на собранието

на "Гетро" АД увоз-извоз Гостивар

Стефановска Весна

Друштво за промет на стоки и услуги ГЕТРО АД увоз-извоз Гостивар

Друштво за промет на стоки и услуги
ГЕТРО АД увоз-извоз
Бр. 02-14/1
25.06 2026 год.
Гостивар

Врз основа на Статутот на "Гетро" АД увоз-извоз Гостивар и ЗТД Собранието на Друштвото на седницата одржана на 25.06.2026 година едногласно ја донесе следната

О Д Л У К А

За усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и распределба на добивката

1. Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и распределба на добивката за 2025 година.
2. Распределбата на добивката се врши на следниот начин:
3. Добивката од 2025 година на износ од 2.457.479,00 денари во целост се распределува за покривање на загубата од минати години.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на собранието

на "Гетро" АД увоз-извоз Гостивар

Стефановска Весна

ГЕТРО АД увоз-извоз Гостивар

Друштво за промет на стоки и услуги
ГЕТРО АД увоз-извоз
Бр. 02-751/1
25.06 26 год.
Гостивар

Врз основа на Статутот на "Гетро" АД увоз-извоз Гостивар и ЗТД Собранието на друштвото на седницата одржана на 25.06.2026 година едногласно ја донесе следната

О Д Л У К А

За усвојување на Записник на годишно собрание на акционери

1. Во целост се усвојува записникот за одржување на годишно собрание на акционери
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на собранието

на "Гетро" АД увоз-извоз Гостивар

Стефановска Весна

Друштво за промет на стоки и услуги
ГЕТРО АД увоз-извоз Гостивар